**Завршија работилниците во 10-те пилот - "јазли" на Мрежата "Прекуграничен забавен центар"**

Мај 2018 година

Во месеците од јануари до мај 2018 година Еколошко друштво Планетум - Струмица во партнерство со здружението Пирински туристички форум - Благоевград, организираше и спроведе 10 работни средби на новоизградената Мрежа за одржлив туризам "Прекуграничен забавен центар".

На секоја од тридневните работни средби, домаќини беа различни туристички "јазли" или мини-дестинации во рамките на Југоисточниот плански регион од Македонија и Благоевградска област од Бугарија:
- Јазол Банско - 16-18 јануари
- Јазол Струма - 03-05 февруари
- Јазол Благоевград - 16-18 февруари
- Јазол Гевгелија - 06-08 март
- Јазол Радовиш - 16-18 март
- Јазол Ново Село - 30 март - 01 април
- Јазол Гоце Делчев - 13-15 април
- Јазол Струмица - 27-29 април
- Јазол Петрич - 11-13 мај
- Јазол Дојран - 25-27 мај

За време на средбите претставниците на секој од "јазлите" учесници во проектот се запознаа на лице место со расположливата и потенцијалната туристичка понуда за секој "јазел" посебно, направија проценки од маркетинг гледна точка и предложија можности за подобрување и одрживо развивање на мини-дестинациите преку разработка на заеднички модерни и атрактивни дополнителни туристички услуги.
Претстои комплетирање на овие први заеднички туристички услуги на Мрежата, изработка на интернет-порталот и промоција на новата туристичка понуда.

*Оваа соопштение е подготвено со поддршка на Европската Унија во рамките на проектот "Прекуграничен забавен центар" ко-финансиран преку ИПА Програмата за прекугранична соработка Интеррег-ИПА Бугарија - Поранешна Југословенска Република Македонија". За содржината на оваа соопштение одговорност носи единствено Еколошкото друштво Планетум - Струмица и во никој случај не може да ги одразува ставовите на Европската Унија.*

За повеќе информации:
Александар Лазаров, Координатор на проектот
Еколошко друштво Планетум
Тел. +389 70 374 679 (и Вајбер)
E-mail: aleksandar.lazarov@gmail.com